РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-512/1
28-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27-мата седница одржана на 23.01.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-1456/1 од 08.05.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за незаконитости во изведувањето на наставата во ООУ /// – ///, ПОУ ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, поради промена на фактичката состојба на која упатуваат околностите на кои се однесуваат наводите од пријавата по која е оформен предметот.

Предметот со број 12-1456/1 од 08.05.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 08.05.2025 година, поднесена е пријава со наводи за незаконитости во изведувањето на наставата во ООУ /// – ///, ПОУ /// и оформен е предмет број 12-1456/1 од 08.05.2025 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомневање за изведување на настава од страна на наставник кој нема соодветен степен на образование односно има завршено средно образование и нема засновано работен однос во ООУ /// – ///, ПОУ ///по спроведување на постапка по јавен оглас.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за доставување податоци и информации до Државниот просветен инспекторат и до ООУ /// – ///.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени како одговор на барањата на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
Лицето /// со завршено средно стручно образование, со посредување на АВРСМ, било ангажирано на работното место наставник по одделенска настава на /// јазик во ООУ /// – /// на определено време во периодот од 06.09.2024 година до 31.01.2025 година.
При вонреден инспекциски надзор на Државниот просветен инспекторат во Записник од /// година во врска со ангажирањето на ова лице било утврдено прекршување на член 3 став 1, член 6 став 1 и член 6 став 2 од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта и член 113 став 1 од Законот за основно образование.
Имено, при надзорот било констатирано дека лицето кое е ангажирано како наставник по одделенска настава на /// јазик не е соодветно за изведување на наставата, и на 04.10.2024 година било издадено Решение со опомена наставата да биде организирана со соодветен наставен кадар – да се обезбеди наставник во одделенска настава на /// јазик согласно нормативот за наставен кадар и одредбите на Законот. На 14.10.2024 година од страна на училиштето биле поднесени Барања до подрачните единици на Агенцијата за вработување во ///, ///, /// и ///, за пријавени или евидентирани лица со профил „наставник по одделенска настава на /// наставен јазик согласно нормативите за наставен кадар“. На сите барања било одговорено дека во евиденцијата на пријавени невработени лица не се идентификувани лица со таков профил. Поради тоа, /// продолжил да изведува настава до добивање на согласности од Министерството за образование и наука и до распишување на оглас за вработување, а при контролен инспекциски надзор извршен на /// година било утврдено дека раководниот орган постапил по Решението со опомена наставата да биде организирана со соодветен наставен кадар.
На почетокот на учебната година, во /// година, непосредно пред ангажирањето на ///, раководниот орган на ООУ /// – /// до градоначалникот на Општината доставил барање од /// година, за согласност за вработување на 26 наставника, меѓу кои и наставник по одделенска настава на /// јазик, со старо финансирање со 20 наставни односно 40 работни часа.
По добиена согласност од Министерството за образование и наука од /// година, за вработување на наставници на определено време – старо финансирање за учебната 2024/2025 година, директорот на ООУ /// – /// на /// година донел Одлука за распишување на јавен оглас за вработување на наставници на определено време. По спроведување на постапка по објавениот оглас, на /// година од страна на директорот на училиштето била донесена одлука за избор на наставници, при што за работното место наставник по одделенска настава на /// наставен јазик биле избрани лицата ///, /// и ///.

Во текот на времетраењето на постапката за вработување по објавениот оглас /// бил ангажиран во училиштето до /// година – денот на донесувањето на одлуката за избор на наставник по одделенска настава на /// наставен јазик, кога врз основа на Решение од /// година за престанок на работен однос по истекот на времето за прием, неговиот работен однос престанал.

Во врска со ангажирањето на лицето /// како наставник во одделенска настава на /// наставен јазик во ООУ /// – ///, од страна на Државниот просветен инспекторат биле извршени три вонредни инспекциски надзори при кои биле составени записници од /// година, од /// година и од /// година. Државниот просветен инспектор не констатирал неправилности при вработување на наставник во одделенска настава на /// наставен јазик во ООУ /// – ///.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК цени дека престанувањето на работниот ангажман на /// во ООУ /// – /// на /// година претставува промена на фактичката состојба на која упатуваат околностите на кои се однесуваат наводите од пријавата по која е оформен предметот, поради што утврди дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата